# ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ул.„Маршал Тито“ бр.62, тел./факс +389 34 222 333

Ваш број

Наш број 11-163/8 од 03.03.2014 г.

Врз основа на член 61 став 5 и член 69 став 1 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13) и член 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/08, 45/11), **општина Богданци**, го објавува следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

за изработка на Извештај за стратегиска оцена на влијание врз животната средина за ПД – локална стратегија за климатски промени за општина Богданци, за периодот 2014 до 2020 година

**Податоци и информации:**

1. Назив на органот: **општина Богданци**
   Адреса: Маршал Тито 62, Богданци 1484

2. Назив на планскиот документ: **локална стратегија за климатски промени за општина Богданци**, за периодот 2014 до 2020 година

3. **Краток опис на документот:** Од страна на општина Богданци е започната постапка за изработка и усвојување на плански документ - **локална стратегија за климатски промени за општина Богданци.** Планскиот документ како и Извештајот за стратегиска оцена е изработен во рамки на проектот за општински стратегии за климатски промени, финансиран од Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД, а го спроведува Милиеуконтакт Македонија. Основната цел на проектот е насочена кон подготовката на општините за подобро справување со предизвиците предизвикани од климатските промени, а со посебен фокус на подобрувањето на локалните демократски процеси и зголемувањето на нивниот капацитет за прилагодување кон климатските промени.

Главна цел на локалната стратегија е **зголемување на капацитетот на општина Богданци за прилагодување кон климатските промени.**

Споредни цели на локалната стратегија за климатски промени, општина Богданци (2014 – 2020), се:

- Подобрување на локалната политика за животната средина во однос на климатските промени;
- Намалување на емисиите на стакленички гасови од страна на општините;
- Зголемена отпорност на општинските чинители кон климатските промени
- Зголемување на свеста на граѓаните за климатските промени.

4. Назив и број на Одлука: **Решение за спроведување на стратегиска оцена со бр.15-779 од 27.01.2014 година (наш бр.11-163 од 04.02.2014 година) од Министерство за животна средина и прострно планирање.**

5. **Засегнати страни:** Министерство за животна средина и просторно планирање, општина Богданци, сите јавни претпријатија, правни и физички лица, НВО, граѓани

6. **Засегната јавност:** жителите на општина Богданци

7. **Начин на вклучување на засегнатата јавност:** Сите информации во врска со Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина за ПД – локална стратегија за климатски промени за општина Богданци, за периодот 2014 до 2020 година, во периодот од 03.03.2014 до 03.04.2014 година, ќе бидат достапни:

- На веб страната на општина Богданци, www.bogdanci.gov.mk од каде може да се превземе Извештајот
- Во просториите на општина Богданци, кат I, соба бр.5 секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот

Граѓаните на посебен формулар може да ги дадат своите забелешки во однос на извештајот, по електронски пат на e-mail: opstina_bogdanci@t-home.mk или opstina_bogdanci@yahoo.com, по пошта или преку архивата на општина Богданци.
ЈАВНАТА РАСПРАВА ќе се одржи на ден **17.03.2014 година со почеток во 13:00 часот** во просториите на општина Богданци, зграда „Изворски", приземје, сала на Совет.

8. **Дополнителни информации поврзани со изработката на документот:**

Жителите на општина Богданци во процесот на изготвување на локалната стрaгегија за климатски промени, креираа визија заедничка за сите засегнати страни и поставија минимални стандарди во однос на климатските промени коишто секогаш ќе треба да се почитуваат, а таа е општина Богданци до 2020 година да постане **енергетски ефикасна општина со искористување на секоја капка вода и производство на квалитетен зеленчук и овошје.**

За постигнување на оваа визија секоја работна група, која се идентификува со по една локална вредност, дефинираше развојни цели, и тоа:

Главна развојна цел од работната група 1 – **Заштита и унапредување на локални земјоделски производи**

Конкретни цели:

- Примена на нови технологии за одгледување на зеленчук
- Примена на нови технологии во одгледувањето на овошни и лозови насади

Главна развојна цел од работна група 2 – **Одржливо управување со водните ресурси**

Конкретни цели:

- Одржливо управување со водоснабдителниот систем
- Правилен начин и режим на залевање како мерка за заштеда на вода
- Собирање и конзервација на дождовница – квалитетна вода за луѓето и природата, намален ризик од природни несреќи, стабилизирана клима, зајакнат биодиверзитет

Главна развојна цел од работна група 3 – **Одржливо управување со енергетските потенцијали**

Конкретни цели:

- Искористување на потенцијалите на ОИЕ во јавниот сектор
- Едукација, промоција и кампањи за справување со климатските промени и искористување на ОИЕ и ЕЕ
- Намалување на стакленичките гасови од јавните објекти

Имплементацијата на оваа стратегија треба да го подобри разбирањето на климатските промени и ефектите од овие промени, да ја подигне свеста и да го подигне нивото на доброто владеење и квалитетот на носењето на одлуки.

Имплементацијата на овој документ треба да придонесе и да го олесни развојот и имплементацијата на одредени активности по однос на справувањето со климатските промени, пред се во делот за намалување на емисиите на стакленички гасови и подобрување на енергетска ефикасност на објектите во јавна сопственост.

**Градоначалник на**
**општина Богданци**
**Анастасија Олумчева**